# XXXIX СРЕДБИ НА ИЗВИДНИЦИ ГОЛОЗИНЦИ - 2025




Почитувани извидници, извидничкиот одред “Димитар Влахов” од Велес одбележувајќи го Денот на Државноста на Македонија, Ве поканува на традиционалните XXXIX Средби на извидници Голозинци - 2025. Во периодот од 1975 до 2025 година, успеваме да организираме триесет и девет Средби на извидници од кои последните дваесет и три беа од меѓународен карактер. Овие XXXIX Средби ги организираме повторно на тема ориентацијата и топографија, но сега и со еколошки активности, сигнализација ...... игра како метод на работа во традиционалниот скаутизам, значи дојдете да се дружиме, да играме и забавуваме, но и да научиме нешто ново и еколошки да се едуцираме.

*******************************************************************

**Време на одржување**: 05 –07. 09. 2025 год.
**Место на одржување**: Извиднички центар “Голозинци” во с. Голозинци, Општина Чашка
**Натпреварувачки категории на извидниците**:

- Извидници (12 – 15 год.)
- Истражувачи (16 – 18 год.)
- Ровери (19 – 24 год.)

**Составнапатролата**:2+2,3+1,1+3,4-0,0-4
**Карактер на акцијата**: тридневно логорување со натпревари од ориентација и топографија, еколошко едукативни активности и живот во природа



*****************************************************************



**Колективна опрема**
- Две батериски ламби
- Прибор за цртање
- Шатор (2 по екипа )
- Шаторско крило
- Подметач за спиење
- Бусола М-53

**Лична опрема**
- Извидничка униформа
- Вреќа за спиење
- Прибор за јадење
- Марама
- Членска книшка

****************************************************************

## ПРОГРАМА НАСРЕДБИТЕ

**Петок 05.09.2025 год.**

| | |
|---|---|
| 16:00 | Тргнување Велес-Голозинци (пред Стоковна куќа – кај Коњот !!!) |
| 17:00 – 18:00 | Пристигнување во Голозинци и сместување |
| 18:00 – 18:30 | Отварање |
| 18:30 - 19:30 | Состанок со водачите |
| 19:30 - 20:30 | Вечера |
| 20:30 - 23.00 | КЗП и логорски огин |
| 23:00 | Повечерие |

**Сабота 06.09.2025 год.**

| | |
|---|---|
| 7:30 – 8:00 | Будење и лична хигиена |
| 8:00 - 8:30 | Појадок |
| 9:00 | Решавање на задачи и старт напатролите |
| 15:00 | Пристигнување на екипите и ручек |
| 15:00 - 19.00 | Одмор |
| 19:00 – 20:00 | Вечера |
| 20:00-00.00 | КЗП и логорски огин |
| 00:00 | Повечерие |

**Недела 07.09.2025 год.**

| | |
|---|---|
| 08:00 | Будење |
| 09:00 | Појадок |
| 10:00 | Слободни активности |
| 11:00 | Прогласување на победниците и свечено затворање на акцијата |
| 12:00 | Поаѓање кон Велес |



**НАПОМЕНА:** Сите патроли се должни да си донесат шатори за сместување на нивните членови. Одредот организатор не обезбедува шатори за сместување. Доколку вашиот одред не поседува опрема, ве молиме благовремено да неконтактирате.

**ПРИЈАВА НА ЕКИПИТЕ:**

Најкасно до 01.09.2025 год. (понеделник) на e-mail: scoutveles@gmail.com и на телефоните 070/265-250 Ангелче Гушев – Гуше, Благој Ѓорчевски - Коте 078/226-769 и 071/ 320-763 Иван Гушев. Сите информации можете да ги добиете и на www.scoutveles.org.mk

**ВЕ МОЛИМЕ ДА ГИ ЗАПАЗИТЕ РОКОВИТЕ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ!!!**

**КОТИЗАЦИЈА ЗА УЧЕСНИЦИТЕ:**

Уплата на патрола од Македонија е 2.000,00 ден на ж.с. 200-0000037519-52 Банка: Стопанска банка АД Скопје или при самото доаѓање на XXXIX Средби на извидници. За секој дополнителен учесник на средбите се доплаќа 500,00ден.

**Патролите надвор од Македонија се ослободени од котизација.**

**ПРИЕМ НА ПАТРОЛИТЕ :**

Патролите се должни да пристигнат во Велес на 05.09.2025 год. (петок) најкасно до 16 часот, од каде што организирано со автобус (пред Стоковна куќа во Велес – кај Коњот) ќе бидат пренесени до ИЦ "Голозинци". Организаторот обезбедува: пет оброци, медали и дипломи за освоените први три места и награди за најдобро изработени материјали на XXXIX Средби на извидници и ПОКЛОНЧЕ ЗА СЕКОЈ УЧЕСНИК. **ПРЕДЗАДАЧА:** Табла со еколошка порака или одредски амблем во А4 формат изработени на материјал по избор дрво, лим, пластика– (200 бодови максимум за најдобриот)

**Старешинство на**
**ИО "Димитар Влахов" – Велес**